**Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС"**
**објавува**
**Повик за новинарски тим од студенти Роми**
**во електронското списание „Рома Индекс" број 5 и 6**

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС" во рамки на проектот: **„Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија"**, објавува повик за новинарски тим од студенти Роми на електронското списание „Рома Индекс" број 5 и 6. Проектот е целосно поддржан од страна на Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ), Будимпешта.

## Опис на електронското списание

Електронското списание „Рома Индекс" преставува медиум каде студентите Роми од различни студиски програми, алумните на РОМАВЕРЗИТАС и експерти Роми од различни области ќе имаат можност да го изразат нивното критичко размислување, нивните ставови, анализи, полемики, информации и слично, во однос на различни актуелни прашања и теми кои ќе ги потикнат читателите да размислуваат, да се информираат, мотивираат и едуцираат.

**„Рома Индекс" содржи:**

- Воведник;
- Тековни новости;
- Топ тема;
- Совети за подобро здравје;
- Препораки за интернет апликации;
- Интервјуа со експерти Роми;
- Тековни текстови за Ромите;
- Алумни;
- Гостинска статија;
- Други содржини.

## Работни задачи на новинарскиот тим и надоместок

Новинарскиот тим на електронското списание „Рома Индекс" ќе биде составен од најмалку три студента, кои ќе имаат задача да ја уредуваат содржината на „Рома Индекс" заедно со стручен уредник.

Селектираните студенти во новинарскиот тим ќе треба:

- да учествуваат на состаноци на новинарскиот тим;
- да подготват одредени текстови;
- да достават одредени текстови и фотографии;
- да соработуваат со уредникот и уредувачкиот колегиум.

Селектираните студенти ќе склучат договор за авторско дело во кое ќе се регулираат работните задачи и висината на авторски надоместок. Студентите во новинарскиот тим, по исполнување на нивните работни задачи за еден број на „Рома Индекс" ќе добијат авторски надоместок во бруто износ од 30 евра во денарска противвредност.

## Услови за аплицирање

Кандидатите за новинарски тим треба да ги исполнат следните услови:

- да се студенти Роми на додипломски студии;
- да се редовни студенти запишани на студиските програми на државните или приватните универзитети во Република Македонија во академската 2016/2017;
- да пишуваат текст за одредена тема поврзана со Ромите во Република Македонија во најмалку две страни во А4 формат, проред 1.5, големина на букви 11, фонт Calibri.

## Документи за аплицирање

Кандидатите за новинарски тим треба да ги достават следните документи:

- потврда за редовен студент за академската 2016/2017;
- кратка биографија;
- пишан текст на одредена тема поврзана со Ромите во Република Македонија во најмалку две страни во А4 формат, проред 1.5, големина на букви 11, фонт Calibri.

## Начин и краен рок за аплицирање

Документите за аплицирање треба да се достават по електронски пат на е-маил адресата: office@romaversitas.org.mk, најдоцна до **05 Февруари 2017**.

## Селекција на кандидати

Селекцијата на кандидатите ќе ја вршат членовите на Извршниот Одбор на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“.

## Критериуми при процес на селекција на кандидати се:

- исполнување на условите за аплицирање;
- квалитетот на пишаниот текст на одредена тема поврзана со Ромите во Република Македонија;
- искуство во пишување на новинарски и академски текстови.

## Напомена

Во процесот на селекција ќе се даде предност на кандидатите во последните две години на студирање и на студентите на новинарство.

Дополнителни информации за повикот можете да добиете во просториите на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во Скопје или на тел: 076/225-568, секој работен ден од 09.00 до 18.00 часот или електронски на е-маил адресата: office@romaversitas.org.mk.